Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу“ бр.1 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

**Генерална дирекција Скопје**

Број: 08-6965/1

Датум: 30-12-2022

Врз основа 12 од Закон за Управа за јавни приходи („Службен весник на РМ“, бр.43/14... „Службен весник на РСМ“, бр.07/19), а во врска со член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“, бр. 55/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на РСМ“, бр. 96/19 и 110/19) како и Заклучокот број 41-17/55 од 28.06.2022 година донесен на 55-та Седница на Владата на Република Северна Македонија, директорот на Управата за јавни приходи донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН
# за спречување и борба против корупцијата во Управата за јавни приходи
# за 2023 година

Изработиле: Адриана Бекир Катерина М Јанковска

Проверил: Даниела Бошковска

Одобрил: Катерина Марковиќ Јанковска

Директор: Сања Лукаревска

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ..... 3
   1.1. Основни поими согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РСМ", бр. 12/19). ..... 3
2. ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ..... 4
3. ЦЕЛ НА ПЛАНОТ ..... 4
   3.1. Мапирање на ризични области ..... 5
   3.2. Почитување и примена на законските прописи и кодексот на однесување на вработените во Управата за јавни приходи ..... 5
   3.3. Транспатентност и отчетност на Управата за јавни приходи ..... 5
   3.4. Анализа на ризични области за корупција кои произлегуваат од делокругот на работење на Управата за јавни приходи ..... 6
4. ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕУРСИ НА УЈП И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ..... 6
5. СЕРТИФИКАЦИЈА И СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ..... 7
6. МОДЕРНИЗАЦИЈА И ЦЕЛОСНА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ..... 7
7. ПОСТАПКИ НА ЈАВНИ НАБАВКИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ ..... 8
8. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ..... 8
9. ЗАВРШЕН ДЕЛ ..... 9

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

# 1. ВОВЕД

Корупцијата е еден од главните предизвици и опасности на демократското општество. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана во остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности.
Од таа причина од исклучително значење е воспоставувањето на механизми, процедури и политики кои ќе влијаат во спречување, минимизирање на ризиците за појава на корупција и на тој начин обезбедување на услови за добро управување, работење согласно Уставот и законите во Република Северна Македонија, меѓународните ратификувани договори и етичките норми и стандарди.
Управата за Јавни Приходи преку сет на мерки помеѓу кои и Годишниот план за спречување и борба против корупцијата континуирано вложува во унапредување на механизамите и процесот на работа со цел намалување на можноста за појава на корупција во работните процеси и организациони делови.

## 1.1. Основни поими согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РСМ“, бр. 12/19).

**Корупција** - согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси- корупцијата се дефинира како злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Притоа, под овој поим се опфатени и поимите на:

**Пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Судир на интереси** - состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

**Јавен интерес** - преставува заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

**Приватен интерес** - материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршење на јавните овластувања и должности.

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

**Ризик од корупција** - подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Интегритет** - подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

## 2. ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Управата за јавни приходи е целосно посветена на воспоставување на високи правни, етички и морални стандарди преку одржување на принципите на интегритет, професионалност, објективност и непристрасност во своето работење, а како единствен начин на општествено делување и промовирање на борбата за спречување на корупција, судирот на интереси и навремено откривање, спречување и ефикасно решавање на овие појави.
Надлежноста на Управата за јавни приходи произлегува од Законот за Управата за јавни приходи и Законот за даночна постапка, согласно кои ги извршува управните и други стручни работи кои се однесуваат на делокругот на нејзиното работење, како и работи кои произлегуваат од посебните даночни закони (Закон за данок на личен доход, Закон за данок на додадена вредност и Закон за данок на добивка).

Управата за јавни приходи оперативно ја спроведува даночната политика, го води единствениот даночен регистар и даночните евиденции на даночните обврзници, прима даночни пријави, ги утврдува, врши наплата и поврат на даноци, социјални придонеси од плата и други јавни давачки, врши инспекциски надзор, им дава помош на даночните обврзници за исполнување на нивните даночни обврски, го следи и анализира функционирањето на даночниот систем и дава предлози за негово унапредување, соработува со даночни органи од други држави и дава меѓународна правна помош во даночни предмети.

Управата за јавни приходи исто така е надлежна и за наплата на парични казни и трошоци изречени во парнични, прекршочни и управни постапки во корист на Република Северна Македонија, утврдување и наплата на други јавни давачки доверени со закон, надзор над примена на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам и постапки кои произлегуваат од Законот за минералните суровини.

## 3. ЦЕЛ НА ПЛАНОТ

Годишниот план за спречување и борба против корупцијата во Управата за јавни приходи за 2023 година има за цел да дејствува превентивно но и репресивно и истиот е насочен кон креирање на сет мерки за спречување и намалување на ризиците од корупција преку јакнење на регулативата и правните рамки на делување, воспоставување на ефикасна и функционална институција на

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

системот, јакнење на индивидуалната и колективна свест за антикорупциско делување и нулта толеранција за овие појави со единствен приоритет- заштита на јавниот интерес.

### 3.1. Мапирање на ризични области

Со Годишниот план за спречување и борба против корупцијата во УЈП во 2023 година се утврдуваат области и процеси каде најчесто постои ризик од појава на корупција, а воедно се промовираат активности и мерки за нивно спречување и надминување.
За таа цел, сите вработени во Управата за јавни приходи треба да бидат континуирано и подеднакво целосно посветени на промовирање на високите стандарди на етичност и професионалност од една страна и откривање и спречување на појавите на корупција и судир на интереси од друга страна, а со цел да се обезбеди правилно и навремено решавање и санкционирање на таквите случаи.

### 3.2. Почитување и примена на законските прописи и кодексот на однесување на вравотените во Управата за јавни приходи

Во Управата за јавни приходи е воспоставена добра пракса на задолжително и доследно почитување и примена на одредбите од Законот за Управата за јавни приходи, Законот за даночна постапка и другите материјални закони и подзаконските акти како и оперативните инструкции, упатства и други интерни документи од каде произлегуваат надлежностите и функциите на Управата за јавни приходи.
Правилна примена на пропишаната регулатива влијае на законско и правилно извршување на работните обврски од страна на вработените, а со тоа и на соодветно спроведување на постапките кои произлегуваат согласно законските надлежности .
Кодексот на однесување на вработените во Управата за јавни приходи и Упатство за антикоруптивно однесување на вработените во Управата за јавни приходи, ги даваат потребните базични насоки и ја обезбедуваат вистинската ориентација на институцијата, односно детално го опишуваат она што е правилно и професионално и што треба да го карактеризира професионалното работење на вработените во Управата за јавни приходи, нивната интеракција со јавноста, со даночните обврзници и трети лица, но и меѓусебната внатрешна комуникација во рамките на институцијата.
При вработување на новите вработени им се укажува на постоење на овие интерни документи и истите се запознаваат со нивната содржина на интернет страната за интерна употреба во Управата за јавни приходи- Интранет.
Управата за јавни приходи покажува интерес и определба за унапредување на соработката со други релевантни органи и институции преку склучување на Меморандуми за соработка, а со цел на размена на податоци и информации кои ќе придонесат за интензивирање на борбата за спречување на корупцијата како и зголемување на ефикасноста и ефективноста во спроведувањето на законските надлежности на институцијата.

### 3.3. Транспатентност и отчетност на Управата за јавни приходи

Управата за јавни приходи има воспоставено добра пракса за навремено, транспарентно и континуирано објавување на информации, извештаи и настани,давање на стручни мислења и одговори за сите прашања од делокругот на надлежностите на УЈП , давање на навремени одговори на прашањата од медиумите водејќи се од начелата на транспарентност и отчетност и доследно почитувајќи ги одредбите од Законот за даночна постапка за

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

податоците кои претставуваат даночна тајна како и одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

Една од основните заложби на Управата за јавни приходи е градење на партнерски однос со даночните обврзници што подразбира транспарентно и навремено информирање на јавноста за сите новини во работењето на УЈП како и чесно и одговорно постапување на вработените со сите предизвици со кои се соочуваат даночните обврзници.

Воедно, транспарентноста и отчетноста на Управата за јавни приходи е обезбедена и ќе се унапредува и ажурира со јавна достапност и пристап преку веб страната на УЈП на

21 документ - Информации од јавен карактер Транспарентност и отчетност

### 3.4. Анализа на ризични области за корупција кои произлегуваат од делокругот на работење на Управата за јавни приходи

Проценката на ризикот од корупција преку воспоставување на систем за превенција на корупција базиран на докази, овозможува со прецизно и ефикасно користење на расположивите ресурси да се постигне остварување на резултати во борбата против корупцијата.

Согласно стратешките определби и планови, Управата за јавни приходи редовно ги следи и анализира ризичните области од својот делогруг на работење.

Со цел успешно да го менаџира овој процес и во следниот период , изготвена е Стратегија за управување со ризици во процесите во УЈП за 2023-2025 година.

Согласно обврските од Стратегијата во Управата за јавни приходи се воспоставуваат:

- Регистар на ризици на процеси на ниво на Сектор/функции
- Регистар на ризици на процеси на ниво на УЈП/институција

## 4. ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕУРСИ НА УЈП И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Почитување на дигнитетот, стручноста и интегритетот на вработените е еден од основните елементи на кадровата политика на институцијата и основен принцип за нејзино креирање и унапредување.

За таа цел од Секторот Даночна академија е подготвен Годишниот план и квартални програми за едукација на вработените во 2023 година, каде освен едукации од стручни даночни области, предвидени се едукации и обуки за јакнење и унапредување на интегритетот на вработените , како и за распознавање на облиците на корупција и судир на интереси.

Во рамките на институцијата има назначено :

- лице за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување, согласно Законот за заштита на укажувачии истото е објавено на веб страната на УЈП
- лице овластено за постапување по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

Согласно актите за организација и систематизација на работните места во Управата за јавни приходи Секторот за внатрешна ревизија, како функционално самостојна организациска единица придонесува за контрола и надзор на сите процеси и функции во институцијата.

Со цел да се спречат незаконски, неправилни, неекономични и неефективни одлуки и постапки, преку давање на соодветни стручни анализи и препораки овозможува подобрување на работењето на институцијата согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и меѓународните стандарди за внатрешна ревизија.

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

Единица за професионални стандарди како организационена единица на УЈП врши контрола на професионалното однесување и постапување на вработените.
Единицата - Професионални стандарди постапува врз основа на предмети / поднесоци за непрофесионално / незаконско однесување / постапување на вработен / организациона единица во Управата за јавни приходи, и тоа:

- Претставки и предлози од граѓани, правни лица и други институции;
- Пријави од отворената телефонска линија 198;
- Пријави од електронско пријавување на неправилности од веб порталот на УЈП;
- Други пријави - пријави / поплаки / известувања пратени на е-пошта на Управата за јавни приходи: info@ujp.gov.mk, на службена е-пошта кај некој од вработените или добиени преку други службени пошти;
- Информации и сознанија до кои Единицата - Професионални стандарди доаѓа самостојно;
- Усни информации или поплаки, дадени пред вработените во Единицата - Професионални стандарди, нотирани во Записник УЈП-ПС-3.2-05;
- Барања и информации што ги доставуваат или непосредно ги презентираат вработените во - Управата за јавни приходи;
- Барање на Директорот на Управата за јавни приходи;
- Налог за внатрешна контрола УЈП-ПС-3.1-03, издаден од Директорот на УЈП.

Во насока на заштита на правата и интересите на даночните обврзници, во функција е и бесплатна телефонска линија 198 за анонимно пријавување на неправилности или коруптивно однесување на вработените во УЈП .
Управата за јавни приходи ќе продолжи со континуирано зајакнување и развивање на институционалните капацитети за справување со корупцијата.

## 5. СЕРТИФИКАЦИЈА И СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

Во Управата за јавни приходи во тек е воведување во сертификација според меѓународниот стандард ИСО 9001:2015 (Систем за управување на квалитет), согласно барањата на стандардот ISO 9001:2015.
Цел е подобрување на управувањето со квалитетот во работењето и давањето на услугите кои ги нуди Управата за јавни приходи преку воведување на систем за управување со квалитет согласно стандардот ИСО 9001:2015.

## 6. МОДЕРНИЗАЦИЈА И ЦЕЛОСНА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Една од стратешките цели на Управата за јавни приходи во тековната 2023 година е унапредување на функциите и процесите преку модернизација со тенденција за целосна дигитализација. Автоматизацијата и дигитализација на работните процеси од една страна ја зголемува ефикасноста и ефективноста во работењето, а од друга страна го намалува личниот контакт помеѓу даночните службеници и даночните обврзници со што се намалува можноста за влијание и појава на коруптивни дејствија.
Управата за јавни приходи постојано ги унапредува процесите во корист на даночните обврзници, со што се стреми кон највисок степен на автоматизација на работата и постојано ревидирање на функционалноста на постојните ИТ решенија кои се во употреба.
Посебно внимание во тековната година ќе биде посветено на унапредување на системите за заштита и безбедносниот аспект на ИТ системот со што ќе доведе до засилена одговорност и можноста за надзор или евентуална подоцнежна контрола во употребата на дискреционите овластувања на даночните службеници, како и до нивно намалување за сметка на системски и дигитални решенија и процеси.

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

## 7. ПОСТАПКИ НА ЈАВНИ НАБАВКИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ

Управата за јавни приходи како буџетски корисник континуирано работи на зголемување на транспарентноста и отчетноста во менаџирањето со финансиските ресурси. Посебно внимание ќе посвети на анализата на недореченостите и пропустите во процесот на јавните набавки. Сузбивањето и спречувањето на корупцијата во јавните набавки подразбира ефикасност во управувањето со финанисиките ресурси на УЈП. Јавните набавки се една од клучните области кои во континуитет се предмет на критика и претставуваат една од најкритичните економски активности во однос на ризиците од корупција. Затоа, во областа на јавните набавки неопходно е постојано да се работи на воведување, примена и подигнување на превентивни политики, процедури и стандарди во борбата против корупцијата.

Од особено значење е да се почитуваат основните принципи на јавните набавки како што се принципот на:

- Еднаков третман и недискриминација што значи забрана за фаворизирање на одредени субјекти;
- Транспарентност која обезбедува конкуренција и интегритет во јавните набавки.
- Рационално и ефикасно искористување на средствата кое подразбира да се добие најдобра вредност за потрошените пари.

## 8. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Во насока на спречување и унапредување на борбата против корупција и судирот на интереси, а тргнувајќи од мапираните области како и од генералните заложби на институцијата за нулта толеранција на коруптивни дејствија, Управата за јавни приходи во текот на 2023 година ќе ги превземе следните активности:

- Целосно и доследно почитување на Уставот, законите и прописите преку навремено носење на соодветни законски решенија, измени или дополнуваење со цел воспоставување на сигурна основа и правна рамка која ќе гарантира владеење на правото и правна сигурност на сите инволвирани чинители во даночната политика.
- Унапредување и јакнење на стручните капацитети на институцијата преку едукации за јакнење на личните и професионални способности, вештини и етички капацитети, со единствена цел да се унапредуваат знаењата, да се почитуваат воспоставените правила и практики и секогаш да се работи во полза на јавниот интерес.
- Зајакнување на довербата на граѓаните и даночните обврзници и мотивирање да се пријавува секаков облик на коруптивно однесување на службените лица преку достапни начини и системи на пријавување и превземање на видливи и ефикасни дисциплински мерки како и соодветно санкционирање на било кој облик на корупција од било која функција.
- Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето на УЈП преку продолжување на воспоставената практика на редовно известување и објавување на релевантни информации, извештаи, стручни едукации, работни средби и настани поврзани со делокругот на работата на УЈП.
- Редовно следење и ажурирање на воспоставените Регистри на ризик на усогласенот на ниво на процеси /функции на институцијата, со цел за превенирање и воспоставување на ефикасни мерки за нивно усогласување и надминување.

Зајакната контрола и надзор на јавните набавки, преку точно и прецизно планирање на потребите и постапките за јавни набавки, со точно утврдени буџети и законски рокови.

Транспарентност и јавна достапност преку навремено објавување на сите потребни документи на веб страната на Управата.

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

Професионално надградување и едукација на вработените за сите новини и измени и практична примена на Законот за јавни набавки , како и обуки против корупција во овој сегмент.

## 9. ЗАВРШЕН ДЕЛ

Овој план влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе биде објавен на веб страната на Управата за јавни приходи.

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*